Врз основа на член 22 став 1 алинеја 6 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19), член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08) и член 5 од Правилникот за условите, начинот и постапката за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа бр.09-11/16 од 06.02.2020 година, Градоначалникот на Општина Битола објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2020**
**за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

**1.1.** Предмет на јавниот оглас е давање под закуп на делови од автобуските стојалишта во Општината Битола за поставување на рекламни паноа, по принципот „пакет стојалишта“.
**1.2.** Предмет на закупот ќе бидат страничните делови – страниците од автобуските стојалишта од двете страни, при што една внатрешна страница во просторот наменет за чекање на патниците задолжително треба да биде оставена слободна за поставување на возните редови на превозниците кои вршат општински линиски превоз на патници во Општина Битола. На автобуските стојалишта со киоск, поставувањето на возните редови ќе биде на страницата од киоскот во просторот наменет за чекање на патниците.

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

**2.1**. Право на учество на јавниот оглас имаат домашни и странски правни и физички лица - понудувачи, кои се регистрирани за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот и кои ја подигнале потребната документација од Општина Битола.
**2.2.** Заинтересираните понудувачи имаат право за секој пакет стојалишта да поднесат поединечни понуди во посебен плик со назнака за кој пакет стојалишта се поднесува понудата.
**2.3.** Јавниот оглас за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта за поставување на рекламни паноа се смета за успешен и во случај ако биде доставена најмалку една понуда што ги исполнува сите услови и барања предвидени во документацијата за Јавниот оглас.

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА НА ПОНУДУВАЧИТЕ

**3.1.** За да учествуваат во постапката за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта за поставување на рекламни паноа, односно за да може понудите да се оценуваат/евалуираат, понудувачите треба да се квалификувани како способни, за што мора да ги исполнат критериумите за утврдување на нивната способност, кои се поблиску дадени и опишани во документацијата за јавниот оглас. Понудувачите треба да потпишат Изјава заверена од нотар дека ги прифаќаат условите од документацијата за јавниот оглас и моделот на договор, кој е составен дел од документацијата.
**3.2.** Избраниот најповолен понудувач со кој ќе биде склучен договорот за закуп, ќе има обврска да ги санира оштетените страници на автобуските стојалишта од „пакетот стојалишта“, да постави возни редови на една од страниците на автобуските стојалишта и да ги осигура истите од кршење, во понудениот рок од неговата понуда.

## 4. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Потребната документација е дефинирана во документацијата за јавниот оглас за давање под закуп на делови од автобуските стојалишта во Општина Битола за поставување на рекламни паноа.

## 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Доставените понуди ќе се бодуваат според следните критериуми:

1. **За понудена цена**, која ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, понудувачот може да добие **најмногу 80 бодови**, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има **највисока понудена цена.**
2. **За понуден рок за исполнување на непаричните обврски** (санација и осигурување на автобуските стојалишта), кој ќе се пресметува како број на календарски денови, понудувачот може да добие **најмногу 20 бодови**, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има **најкраток понуден рок за исполнување на непаричните обврски.**

За најповолна понуда ќе биде избрана понудата која ќе има најголем резултат од збирот на бодовите за двата елементи, а во случај на ист резултат, предност ќе има понудата која прва била поднесена во архивата на Општина Битола.

## 6. НАЧИН И АДРЕСА ЗА ПОДИГАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЈАВНИОТ ОГЛАС

Документацијата за јавниот оглас ќе биде објавена на www.bitola.gov.mk, а истата може да се подигне секој работен ден од 08:30 до 16:00 часот на шалтер број 4 во Општина Битола со седиште на ул. “Булевар 1-ви Мај” бр. 61 Битола, Република Македонија, најдоцна до 14.03.2020 година.

## 7. РОК И НАЧИН ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

**7.1**. Краен рок на поднесување на понудите е 16.03.2020 година до **13:00** часот по локално време.
**7.2.** Понудите се доставуваат преку пошта или директно на шалтер бр. 4 во Општина Битола на ул. “Бул. 1-ви Мај” бр.61, Битола, Република Северна Македонија, во хартиена форма.
**7.3.** Понудувачот го поднесува оригиналниот примерок на Понудата (Прилог 1) во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса, со назнака „Понуда за јавен оглас“ во горниот лев агол.
**7.4.** Документите за утврдување на способност на понудувачите се поднесуваат во посебен запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса, со назнака „Документи за утврдување на способноста “ во горниот лев агол.
**7.5.** Внатрешните пликови се приложуваат во запечатен надворешен плик кој:
- е адресиран со целосна и точна адреса на Општина Битола;
- го содржи бројот на Јавниот оглас и
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“.

**7.6.** Доколку сите пликови не се запечатени и обележани како што се бара, Општина Битола не превзема одговорност за губење или предвремено отворање на понудата.

**<u>8. ЈАЗИК НА ПОНУДАТА</u>**

Понудата се изготвува и доставува на македонски јазик.

**<u>9. ЈАВНО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ</u>**

**9.1.** Јавното отворање на понудите ќе се изврши на 16.03.2020 година во 13.00 часот по локално време во просториите на Општина Битола, со седиште на ул. "Булевар 1-ви Мај" бр. 61, Битола, Република Северна Македонија.
**9.2.** Предмет на разгледување се понудите кои се пристигнати до денот и часот утврден во точка 7.1. Понуди пристигнати по датумот и часот утврден во точка 7.1. ќе се сметаат како ненавремени и нема да бидат предмет на разгледување.
**9.3**. Секој што сака да присуствува на отварањето на понудите, претходно треба да достави писмена најава најдоцна еден ден пред денот на јавното отварање.

**<u>Постапката ќе ја спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Битола.</u>**

**<u>Дополнителни информации можат да се добијат на телефонот 047 208 302 или мобилен телефон 075 317 797.</u>**

**Бр. 08-171/2**
**14.02.2020 г.**

**ОПШТИНА БИТОЛА**
**КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ**
**НА ПОСТАПКАТА**